**Република Северна Македонија**
**Republika e Maqedonisë së Veriut**

## АПЕЛАЦИОНЕН СУД ГОСТИВАР
## GJYKATA E APELIT GOSTIVAR

Ул. Живко Брајковски бр.1, 1230 Гостивар / тел: 042-221-544 / info@asgostivar.mk
Rr. Zhivko Brajkovski nr.1, 1230 Gostivar / tel: 042-221-544 / info@asgostivar.mk

**СУ.бр/AGJ.nr.04-59/22**
**30.12.2022 година/viti**
**Гостивар/Gostivar**

Врз основа на член 92 од Законот за судовите („Слжбен весник на РМ", бр.58/2006, бр.62/2006, бр.35/2008 и бр.150/2010) и седницата на судии на Апелационен суд Гостивар, одржана на ден 30.12.2022 година, Претседателот на судот Bekim Mehmedi, ја донесе и утврди следната:

# П Р О Г Р А М А

## ЗА РАБОТА НА АПЕЛАЦИОНЕН СУД ГОСТИВАР ЗА 2023 ГОДИНА

Врз основа на член 92 став 2 од Законот за судовите и член 7 од Судскиот деловник, Седницата на судии ја утврдува програмата за работа на Судот по предлог на Претседателот на судот.

Апелациониот суд Гостивар својата уставна и законска надлежност како второстепен суд во државата ја остварува согласно Уставот, законите, Меѓународните договори ратификувани во согласност со Закон, Судскиот деловник и другите подзаконски акти.

Преку решавањето на поголем број на предмети, со повисок квалитет на изготвени судски одлуки, решавање на предметите во определените рокови согласно процесните закони, Судскиот деловник и Програмата за работа на Апелациониот суд Гостивар, и со намалување на бројот на нерешени стари предмети во судот, Апелациониот суд Гостивар треба да биде поефикасен и поквалитетен во своето работење.

Со Програмата за работа на Апелациониот суд Гостивар за периодот од 01.01.2023 година до 31.12.2023 година се дефинираат работите и работните задачи од делокругот на работењето на Судот во процесот на право раздавање со цел да се обезбеди:

- навремено и квалитетно решавање на евидентираните по АКМИС системот предметите во овој суд;
- заштита и почитување на човековите права и слободи;
- непристрасно применување на правото без оглед на положбата и својсвото на странките;
- правна сигурност и создавање услови на секој човек да живее безбедно во рамките на примената на правото;
- давање правна помош на подрачните основни судови;
- изготвување на анализи, информации, укажувања, сентенции, и друго, кои ќе помогнат во правилната примена на правото;
- усогласување на работата на овој суд со работата на подрачните основни судови преку извештаи за работа на судовите, посебно за причините на старите нерешени предмети, низ посетите на основните судови и при решавање на конкретни предмети во жалбена постапка;
- следење на Планот за намалување на заостатокот на стари нерешени предмети во Апелациониот суд Гостивар и Основните судови од подрачјето на овој суд.
- средби и советувања организирани со подрачните основни судови во врска со работата на судиите,
- средби на ниво на Апелационите судови за изедначување на судската практика, со Врховниот суд на РСМ, адвокатурата, државните органи, посебно со Здружението на судии во врска со едукацијата на судиите и со Советот за судска служба и други државни органи, заради едукација и на судските службеници,
- реализирање на Програмата на Академија за судиите и Јавните обвинители и административно - техничкиот персонал од Апелационен суд Гостивар, ќе се изврши онака како е определено во календарот на Академијата.
- континуирано подобрување и одржување на системот за управување со квалитет на ISO9001:2015 преку редовни интерни проверки од сертифицирани интерни проверувачи во Апелациониот суд Гостивар, редовно следење и подобрување на целосната документација на системот со цел на позитивен извештај при надворешна проверка од сертификациско тело ИНТЕРЦЕРТ.

За реализација на Програмата се грижи Претседателот на судот, судиите, судските службеници и другите вработените во судот.

## <u>ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУДОТ</u>.

Сдијата Bekim Mehmedi, со Одлука на Судскиот совет на РСМ Бр.09-1893/1 од 09.12.2020 година е избран за Претседател на Апелациониот суд Гостивар.

Претседателот на Судотќе ги врши работите од делокругот од судската управа, ќе ја организира работата, раководи и управува со Судот.

Претседателот на Судот ќе го претставува Судот и ќе презема мерки за навремено и уредно вршење на работите, ќе ја обезбедува примената на Судскиот деловник, ќе го утврдува Распоредот за работа во Судот, ќе постапува по претставките и поплаките на странките и другите органи, по барањата за приоритетно решавање на предметите, по барањата за изземање поднесени од судиите и странките и ќе презема други дејствија за кој е надлежен согласно Закон и Судскиот деловник.

За обезбедување на навремено, ефикасно и уредно вршење на работите од судската управа, Претседателот на Судот може да ги довери работните задачи на неговиот заменик или друг судија, судија претседател на Оддел, или друг судски службеник, а по потреба ќе организира и сопствен тим за работа во кабинетот.

Во случај на спреченост или отсуство Претседателот на Судот ќе го заменува заменикот на претседателот на Судот.

Претседателот на Судот редовно ја свикува Седница на судии заради разгледување на реализирањето на програмата за работа на Судот и разгледување, анализа и преземање на мерки по извештаите за работата на Судот, усогласувањето на работата на Одделите, давање мислења од надлежност на Седницата на судии и за други прашања од работата на Судот.

Претседателот на судот со Претседателите на основните судови од ова апелационо подрачје, на заедничка средба најмалку двапати годишно ќе ги анализира податоците од судската статистика и извештаите за работа на основните судови, кои ќе превземаат мерки за воедначување на судската пракса, Апелациониот суд Гостивар ќе укажува на слабостите во работата на основните судови со предлог за нивно отстранување за што ќе бидат известувани надлежните институции во РСМ.

Во делокругот и функционалната надлежност на Претседателот на судот се предметите по уписниците “СУ”, “СУ1”, “СУ2”, “СУ3”, “СУ4”, “СУ5”, “СУ.ДОВ”, “СУ.СТР.ДОВ”, “УПП” и СУ-ИЗЗ“.

## РАБОТА ПО ПРЕДМЕТИ

Основна цел при постапување по предметите е да се обезбеди професионално, стручно, непристрасно, навремено и законито постапување по предметите со почитување на законските рокови и роковите за судењето во разумен рок согласно одредбите од Судскиот деловник и Законот за управување со движење на предметите во судовите, во секоја фаза од постапката. Заведувањето, распределбата, постапувањето, одлучувањето, објавувањето, изготвување на одлуките, доставување на одлуките, анонимизација на одлуките на ВЕБ страната на Судот ќе се врши целосна и исклучива примена на автоматизираниот компјутерски систем за управување со судските предмети (АКМИС).

Заведувањето на предметите ќе се врши според времето на приемот, а распределбата на предметите по судии ќе се врши со автоматска распределба во АКМИС. Автоматска прераспределба на предмети ќе се врши само во ситуации предвидени со Судскиот деловник и согласно Годишниот распоред за работа на Судот, нои во тие случаи прераспределбата на предмети ќе се врши исклучиво со образложена одлука од страна на Претседателот на Судот преку соодветен модул во АКМИС, со цел да се обезбеди заштита на начелото на автоматска распределба и вклучување на човечки фактор при доделување на предметите во работа на судиите.

Судиите се должни да дадат приоритет во решавање на предметите кои со Закон е определено дека се итни и по кои е даден приоритет од страна на Претседателот на Судот.

## КРИВИЧЕН ОДДЕЛ

Во Кривичниот Оддел со Распоредот за работа за 2023 година, распоредени се да постапуваат 4 судии, вклучувајќи го и Претседателот на судот, 2 судски советници, 3 стручени соработници и 2 помлад судски соработник.

Кривичниот оддел ќе работи во 2023 година, по предметите КСЖ, КЖ, КЖМ и КР со:

- **еден** Кривичен совет од тројца судии, кој ќе постапува по КСЖ и КР предмети;
- **еден** Кривичен совет од петмина судии, кој ќе постапува по КЖ предмети;
- **два** Кривични совети кои ќе постапуваат по КЖ предмети;
- **еден** Кривичен совет за деца, кој ќе постапува по КЖМ предмети;

Кривичните предмети во 2023 година ќе се решаваат, помалку сложените во рок од 3 месеци, повеќе сложените најдоцна во рок од 6 месеци од приемот во судот, вклучувајќи ги предметите по кој се изјаснува Вишиот јавен обвинител и предметите по кои се одржуваат јавни седници, во услови на соодветен број на судии во Кривичниот оддел, односно доколку се изберат уште двајца судии, кој што ќе работат во одделот.

Предметите во кривичниот оддел ќе се решаваат редоследно според нивниот прием во Апелациониот суд Гостивар согласно член 134 од судскиот деловник, освен во итни или други оправдани случаи.

Согласно член 134 став 2 од Судскиот деловник за навремененото решавање на предметите непосредно се грижи судијата кој е надлежен да постапува по конкретните предмети и Претседателот на судот.

Секој судија ќе го известува Претседателот на судот, со изготвување на извештаи за нерешени предмети во определен рок и причините поради кој не се решени предметите, и тоа на секој три месеци.

Поради недостатокот на судии во кривична материја судите од Граѓански оддел ќе бидат распоредувани како членови во кривичниот совет од петмина, исто така судите од Граѓански оддел поради потреба од изземање, одсуство или годишен одмор и потреба од комплетирање на Совет, ќе бидат распоредувани како членови на Совет во кривичен оддел.

## **ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ**

Во Граѓанскиот Оддел со Распоредот за работа за 2023 година, распоредени се да постапуваат 7 судии, 3 судски советници 1 стручен соработник и 4 помлад судски соработници.

Граѓанскиот оддел ќе работи во 2023 година, по предметите ГЖ, ТСЖ, РОЖ и Р со:

- **два** граѓански совети, кои ќе постапуваат по предметите ГЖ;
- **еден** совет по стопански и работни спорови, кој ќе постапува по ТСЖ и РОЖ;
- **еден** граѓански совет по предмети за надомест на штета, кој ќе постапува согласно Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, предмети со ознака П5 - утврдување на граѓанска одговорност за навреда и клевета;
- **еден** посебен стечаен совет кој ги работи граѓанските предмети поврзани со стечај.

Граѓанските предмети во 2023 година кои се примени во Апелациониот суд Гостивар а се помалку сложени ќе се решаваат во рок од три месеци од нивниот прием во судот, а повеќе сложените ќе се решаваат во рок од 6 месеци од приемот во судот.

Предметите ќе се решаваат по редоследот на прием на предметот во Апелациониот суд Гостивар, освен во итни или други оправдани случаи, како тоа е предвидено во член134 од Судскиот деловник.

Судијата кој постапува по предметот и Претседателот на судот, ќе се грижат за решавање на предметите според редоследот на нивниот прием или првенствено земање во работа на итни и други приоритени предмети.

Секој судија од граѓански и кривичен оддел е должен да го известува Претседателот на судот за нерешените предмети во определените рокови и причините за тоа, со писмен извештај на секои три месеци.

При решавањето на сите видови предмети ќе се обрне посебно внимание на забележаните пропусти на првостепените судови при решавањето на предметите во врска со времетраењето на постапката, доставување на предмети по жалба со одредени пропусти и касно доставување на предметите по жалба.

За утврдените пропусти констатирани кај првостепените судови, на првостепените судови им се укажува при обавувањето на посетите во Основните судови на подрачјето на Апелациониот суд Гостивар, како и со посебни укажувања.

Во случаите кога доаѓа до застареност на кривичното гонење, што е забележано при решавањето на кривичните и прекршочните предмети треба да се забележат причините за настапената застареност на кривичното гонење, и да се евидентира во која фаза на постапката и кога точно е настапено застареност на кривичното гонење.

Покрај тоа, треба да се утврди при решавањето на кривичните предмети по притвор, дали овие предмети се доставуваат по жалба во Апелациониот суд Гостивар навремено или не, и ако доцнат при доставувањето, да се наведат причините за тоа.

Ќе се анализира и утврди по однос на сите видови на предмети дали првостепените судови по укинувањето на нивните судски одлуки од страна на Апелациониот суд Гостивар, дали постапуваат по напатствијата и укажувањата на Апелациониот суд Гостивар, како и укажувањата изнесени во судските одлуки на Врховниот суд на РСМ.

## ОДДЕЛ ЗА СУДСКА ПРАКСА

Во овој оддел во текот на 2023 година ќе работат Претседателот на Одделот, Претседателот на Кривичен оддел и Граѓанскиот оддел, а на нив ќе им помага стручните службеници, како што е определено со Годишниот Распоред за работа на Апелациониот суд Гостивар за 2023 година.

На внатрешната ВЕБ страна на судот, објавен е формулар за судска пракса кој Претседателите на советите го пополнуваат откако советот ќе оцени дека одлуката треба да биде обележана како пример во судската пракса.

Претседателите на Одделите го определуваат начинот на кој Одделот за судска пракса ќе ги евидентира правните мислења прифатени на седниците на одделите и начинот на евиденција на судската пракса во новата апликација со современа технологија, централизирано инсталирање и одржување и лесна достапност.

На седницата на Одделот ќе се донесе План за следење на судската пракса и на општествените појави и односи за нивно проучување и натамошна работа и ќе се составуваат предлози по прашања што се изнесуваат на седниците на одделите заради завземање на определен став за воедначување на судската пракса.

## ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Со Одлука на Судскиот совет на РСМ е утврдено дека во Апелационен суд Гостивар судиската функција ќе ја извршуваат 16 судии, вклучувајќи го и претседателот на судот. Во извештајната 2022 година во судот судиската функција ја извршуваат 11 судии вклучувајќи го и Претседателот на судот.

Согласно, годишниот распоред за работа во Апелационен суд Гостивар за 2023 година, судската функцијата ќе ја извршуваат 11 судии вклучувајќи го и Претседателот на судот, и тоа: во кривичнен оддел 3 (три) судии и претседателот на судот кој постапува само по КСЖ и КР предмети, а во граѓански оддел 7 (седум) судии, каде што се очекува во месец октомври 2023 година еден судија од кривична материја да замине во старосна пензија.

Имајќи го предвид бројот на судиите и големиот број на непополнети судиски места од една страна, а од друга страна видот и обемот на предмети, како и уставната и законската надлежност на Апелационен суд Гостивар како второстепен суд во државата, реално може да се очекува дека судиите ќе се соочат со отежнато извршување на судиската функција во поглед на ефикасност и избегнување застој во движењето на предметите, доколку во текот на годината не се пополнат судиските места, како и испразнетите места на судските службеници.

На крајот од 2022 година, заклучно со 31.12.2022 година во Апелациниот суд во Гостивар имало вкупно 33 судски службеници и 3 технични персонал, и тоа: 1 Раководител на оддел за судска пракса, 1 Раководител на одделеније по информатика, 5 Судски советници, 4 судски соработници, 7 помлад судски соработници, 2 Соработници преведувачи - толкувач, 1 помлад соработник – економист, 1 самостоен референт сметководител, 1 самостоен судски референт во одделение по информатика, 1 самостоен судски референт водител на судска писарница – граѓански оддел, 1 самостоен судски референт водител на уписник на кривичниот оддел, 1 самостоен судски референт – кординатор на дактило бииро, 1 самостоен судски референт водител на уписник - архива, 1 помлад референт - извршител за административно технички работи, 5 судски референти – дактилографи,1 возач и 2 хигиеничари.

Судот раководи без судски администратор, а работни задачи на судскиот администратор ги извршува Раководителот на одделот за судска пракса, исто така судот нема вработен и Припадник на судска полиција.

Согласно Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во овој суд утврдено е 115 - извршители судски службеници, 11 - извршители технички персонал и 8 - извршители во судската полиција.

## ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Апелационен суд Гостивар особено се залага за навремено известување на јавноста за судските постапки за кои е евидентен јавниот интерес. Само со отвореност, транспарентност и навремено давање на точни и релевантни информации за Судот во Одделни постапки може да се заштити и зачува угледот на Судот и да се зголеми довербата на јавноста кон Судот. Оддруга страна, правилното и навремено информирање на јавноста ќе спречи објавување на неточни информации од страна на медиумите, што може да има штетно влијание како за Судот, така и за странките и нивниот интерес.

За обезбедување на оваа програмска задача во Судот редовно ќе се објавуваат известувања и соопштенија на ВЕБ страната на Судот, а преку Канцеларијата за односи со јавност ќе се овозможи пристап на заинтересираните лица за актуелните информации и постапки кои се водат во Судот во согласност со одредбите од Законот за управување со движењето на предметите во судовите.

Во Судот ќе се определи службено лице за посредување со информации од јавен карактер, кое ќе постапува согласно одредбите од Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер.

Донесените одлуки ќе се анонимизираат согласно Законот за управување со движење на предметите во судовите и истите ќе се објавуваат на ВЕБ страницата на Судот, со што се овозможува пристап на јавноста до работата на Судот.

## ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

Во рамките на одобрениот буџет од страна на Судскиот буџетски совет за тековната година, ќе се обезбеди навремено спроведување на постапките за јавни набавки во согласност со одредбите од Законот за јавни набавки, а преку менаџирање со финасиските средства ќе се настојува навремено да се исплаќаат обврските во тековната година.

## ПОГРАМСКИ ЦЕЛИ

За успешно спроведување на оваа програма неопходна е проактивност и ангажираност на судиите и сите вработени во Судот, со цел да се постигнат утврдените програмски цели и поставените задачи.
Недостаток на активен судиски кадар создава голем притисок врз ефикасноста и квалитетот на функционирањето на Судот.

Од тие причини, основана програмска определба е фокус на комплетирањето на целосниот број на судии, но секако и зголемувањето на бројот на судските службеници преку обезбедување финансиски средства за пополнувањето на работните места кај судските службеници со чии недостиг постојано се соочува Судот, особено кај стручниот кадар.

Зголемена буџетска ставка за унапредување на компјутерскиот систем, водејќи од премисата дека соодветна инвестиција во автоматизација на работата директно резултира со бенефит за самиот човечки кадар.

Една од основните програмски цели е и зајакнување на позицијата на Апелациониот суд Гостивар во комуникацијата со Судскиот совет на РСМ и Министерството за правда, што ќе се постигне со продлабочување на соработката со Судскиот совет на РСМ преку транспарентни разговори за моменталната состојба во судовите, реалните проблеми во извршувањето на судиската функција и предлози за надминување на овие проблеми.

## АКТИВНОСТИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Годишната Програма за 2023 година ќе се спроведува преку следните активности:

- Анализа на предметите низ соработка со активни состаноци на ниво на оддел со судиите на Апелациониот суд Гостивар одделно во Граѓанскиот и Кривичниот оддел.

- Предлози за кои од одлуките би биле референтни како судска пракса;
- Следење на судската пракса во други Апелациони подрачја во РСМ;
- Следење на Одлуки на Врховниот суд на РСМ;
- Следење на одлуките донесени од судот за човекови права во Стразбур;
- Следењена стручна литература во кои се објавуваат судски одлуки (изданија од областа на правото и разни билтени);
- Следење на обуки кои се организирани по повод хармонизација на судската пракса и тоа од Академијата на судии и јавни обвинители на РСМ и меѓународни организации.
- Активно учество во изготвување на теми за обуки со конкретни предлози за теми со цел изедначување на судската пракса.
- Изработка и издавање на Билтен.
- Месечни извештаи – записници од одржување на состаноци на ниво на Апелациониот суд.

<u>Во Одделот ќе се евидентираат:</u>

- одлуките на Европскиот суд за човекови права;
- одлуките на Врховниот суд на РСМ во кој има правни становишта, стручни трудови и осврти објавени во Билтенот на Судската пракса на Врховниот суд на РСМ и Збирка на судски одлуки како и начелни ставови на Врховниот суд;
- завземени правни становишта на одделите во Аелационен суд Гостивар по одделбни правни прашања иницирани во Апелациониот суд Гостивар и од Основните судови од подрачјето на овој Суд.
- заеднички правни ставови на ниво на Апелациони судови на РСМ;
- анализи, информации и укажувања од Апелационен суд Гостивар и основните судови на подрачјето на овој Суд;
- сентенции, осврти и други материјали за Билтенот на Судска пракса на Апелационен суд Гостивар;
- материјали за едукација на судиите и стручниот кадар на ниво на Апелационен суд Гостивар;
- други материјали од важност за судската евиденција и практика;
- редовно ажурирање и одржување на податоците во новата Програма за судска пракса која што целосно е преработена во текот на 2023 година.

## <u>СТАРИ И ПРИОРИТЕТНИ ПРЕДМЕТИ</u>.

Претседателите на основните судови на подрачјето на Апелациониот суд Гостивар, ќе ја следат работата на судиите преку АКМИС програмата што е нивна законска обврска, преку работните тела ќе ја следат состојбата со старите нерешени предмети и на Претседателот на судот ќе му предлагаат мерки за носење планови за решавање на старите предмети. Претседателите ќе се состануваат почесто за да го следат исполнувањето на планот и евентуално негово дополнување и измена.

Судиите ќе доставуваат писмен извештај за старите нерешени предмети во месечните извештаи со причините за нерешавањето и со план кога предметот би се решил.

Во 2023 година одговорност е на сите вклучително и на Апелациониот суд Гостивар, старите предмети заклучено со 2016 година во Основните судови да се решат до првата половина на годината, а предметите од 2018, 2019, 2020, 2021 и 2022 година да се решат до крајот на годината.

Основните судови кои имаат стари предмети во 2023 година, да посветат посебно внимание за тој број да биде намален и да се утврди причината за нерешавањето на старите предмети и евентуално постоењето на одговорност кај судиите кои не ги решиле старите предмети.

Ваквите состојби ќе се разгледуваат на заеднички состаноци помеѓу Претседателот на Апелациониот суд Гостивар и Претседателите на Основните судови од подрачјето на овој суд.

Со ажурното решавање на старите предмети ќе се придонесе за намалување на поплаките на граѓаните за работата на судовите, но и намалување на трошоците во Судскиот буџетски совет за исплата на надоместоците за судење во неразумен рок.

Во Апелациониот суд Гостивар се планира во 2023 година да нема нерешени предмети постари од 6 месеци од денот на приемот во овој суд, со исклучок на оние предмети кои од објективни причини неможеле да се решат во тој рок.

## <u>ЗБИРНИ ПРЕГЛЕДИ И ИНФОРМАЦИИ</u>.

<u>За 2023 година ќе се изготват збирни прегледи и информации:</u>

- збирен преглед по судови за укинати и преиначени одлуки од уписниците КЖ, КЖМ, КСЖ, ПРКЖ и КР, кој што ќе го изготви судијата Абдулбари Рамадани со судскиот соработник Милиат Јашари.
- збирен преглед по судови за укинати и преиначени одлуки од уписникот ГЖ, кој ќе го изготви судијата Велко Страшевски со судскиот соработник Слаѓана Даилоска.
- збирен преглед по судови за укинати и преиначени одлуки по уписник РОЖ, кој ќе го изготви судијата Изет Исмаили со судскиот советник Арјета Иљази.
- збирен преглед по судови за укинати и преиначени одлуки од уписникот ТСЖ, кој ќе го изготви судијата Рафис Идризи со судскиот соработник Александар Дуроски.
- информација за постапување по УПП предметите од Апелациониот суд Гостивар за 2023 година што ќе се изготви од Претседателот на Судот и В.Д. Судски администратор Седула Мемеди.
- информација за состојбата со решавање на старите предмети во основните судови за 2023 година и ќе ги изработат Претседателот на Судот и В.Д. Судски администратор Седула Мемеди.

## <u>СРЕДБИ И СОВЕТУВАЊА</u>.

<u>Во текот на 2023 година се предвидуваат средби и советувања:</u>

- средба на Претседателот на Апелационен суд Гостивар со Претседателите на основните судови од ова апелационо подрачје, за прашања за судската управа и други тековни прашања.
- средби на Претседателот на Апелационен суд Гостивар со Претседателите на Апелационите судови во Скопје, Штип и Битола, за прашања од тековната работа и правни прашања во врска со решавањето на предметите.
- средби на Апелационите судови и Врховниот суд на РСМ по Оддели.
- средби на Апелационен суд Гостивар и на претседателите на Одделите со други државни органи и институции за решавање на проблемите кои би се појавиле при работењето на Судот и Основните судови на подрачје на Апелациониот суд Гостивар.

- Одлука за учество на советувања, тркалезни маси и друго, независно од Програмата на Академијата, ќе донесува Претседателот на Судот и Претседателите на Одделите во зависност од важноста на прашањата што ќе се разгледуваат на закажаните советувања и работни средби.

Стручниот кадар и административно - техничкиот персонал во Апелационен суд Гостивар ќе учествува на советувања што ќе ги организира Академијата за судии и јавни обвинители.

Претседателите на Одделите во Апелационен суд Гостивар, до крајот на месец февруари 2023 година, ќе ги изготват програмите за работа на Одделите.

Во Програмата за работа на одделите на Апелационен суд Гостивар ќе се определи календар за работните посети и средби на основните судови на подрачјето на Апелационен суд Гостивар за 2023 година.

## ПОСЕТА И КОНТРОЛА НА ПОДРАЧНИТЕ ОСНОВНИ СУДОВИ.

Заради следење на работата на основните судови од подрачјето на Апелационен суд Гостивар, околу решавање на предмети, давање стручна помош и согледување на состојбата со старите нрешени предмети ќе се закажуваат и остваруваат посети и контроли во Основните судови.

Претседателот на Апелациониот суд Гостивар, заедно со претседателите на основните судови, ќе ја разгледува состојбата со судската управа, согласно член 7 од Судскиот деловник.

Судиите ќе даваат свое мислење за тоа:

- дали има објективни или субјективни причини за одолговлекувањето на постапката;
- доколку имаат одредени согледувања во врска со решавањето на предметот тоа да го наведат заради побрзо решавање на старите нерешени предмети.

При спроведувањето на посетите и контролата на старите нерешени предмети судиите од Апелационен суд Гостивар ќе даваат правна помош за одредени правни прашања во врска со решавањето на предметите за кои претходно побарале помош граѓанските и кривичните оддели на судовите, а ќе ги изнесат забелешките констатирани при решавањето на второстепените предмети со цел да се надминат слабостите во решавањето на првостепените предмети и ќе укажат на други работи од важност за работата на Судот.

Судиите од Апелационен суд Гостивар од кривичен и граѓански оддел, по извршените посети и контроли, ќе изготвуваат секој од нив посебно извештаи за превземените дејствија и извршените посети во Основните судови, и тоа во рок од 8 дена од извршените посети, кои извештаи ќе се доставаат до Судскиот совет на РСМ, Врховниот суд на РСМ, Министерството за правда и Основните судови.

Заради континуирано следење на работата на секој основен суд од ова апелационо подрачје, како и заради давање на стручна помош, било по барање на основниот суд или по иницијатива на овој суд, како и по барање на судија од основен суд, се формираат соодветни работни групи и на тој начин заради континуирано следење на работата на секој суд и давање на стручна помош по барање на Основниот суд или по иницијатива на Апелациониот суд Гостивар, се формираат следните работни групи:

**1. <u>Основниот суд Тетово се определуваат судиите:</u>**

**<u>КРИВИЧЕН ОДДЕЛ</u>,**
- Шефајет Хајдари и Беким Мехмеди,

**<u>ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ</u>**,
- Велко Страшевски и Изет Исмаили.

**2. <u>Основниот суд Гостивар се определуваат судиите</u>:**

**<u>КРИВИЧЕН ОДДЕЛ</u>**,
- Абдулбари Рамадани и Ѓерасим Ѓерасимоски,

**<u>ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ</u>,**
- Али Алиу и Рафис Идризи.

**3. <u>Основниот суд Кичево се определуваат судиите</u>,**

**<u>КРИВИЧЕН ОДДЕЛ</u>,**
- Шефајет Хајдари и Абдулбари Рамадани,

**<u>ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ</u>**,
- Рафис Идризи и Златко Анѓелкоски.

**4. <u>Основниот суд Дебар се определуваат судиите</u>,**

**<u>КРИВИЧЕН ОДДЕЛ</u>,**
- Беким Мехмеди и Ѓерасим Ѓерасимоски,

**<u>ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ</u>,**
- Африм Јакупим и Лилјана Ицкова.

За следење на состојбата со Основните судови, судиите кои се определени за давање правна помош доколку имаат потреба ќе бараат од претседателите на Основните судови одредени податоци.

За определување на судиите за давање на правна помош и следење на состојбата во конкретни Основни судови од Апелационото подрачје Гостивар ќе бидат известени претседателите на основните судови, Судскиот совет на РСМ и Врховниот суд на РСМ.

Секој работник од административно-техничкиот персонал работата ќе ја остварува ажурно и ефикасно во рамките на работните задачи предвидени со актите на судот и она што ќе му биде доверено во работа од страна на Претседателот на Судот и е должен да води дневник за работа во кој ќе ги евидентира секојдневните извршени работи кои ќе послужат при оценка на нивната работа.

Раководителот на одделот за судска пракса Седула Мемеди ќе ги контролира работите на сите судските службеници, доаѓањето на вработените на работното место, излегување во текот на работното време, заминување од работа и нивната диципплина при извршувањето на работните задачи.

Со оглед на тоа што во Апелационен суд Гостивар нема вработено припадник на судска полиција, обезбедувањето на зградата на Судот, луѓето и предметите, онака како што е предвидено во Планот за обебзедување донесен од страна на Претседателот на Апелациониот суд Гостивар, ќе го врашат припадниците на судската полиција при Основниот суд Гостивар, кои се должни да водат евиденција за влезот на странките и нивното излегување од судската зграда.

За реализација на оваа Програма, одговорен е Претседателот, судиите, В.Д. Судскиот администратор, судските службеници и сите вработени во судот.

Годишната Програма ќе се применува од **01.01.2023** година.

Претседател на
Апелационен суд Гостивар
Kryetar i
Gjykatës së Apelit Gostivar
Bekim Mehmedi